ОПШТИНА Центар
Бр. 08-1646/14
8. 07. 2008 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ИЗРАБОТКА НА ИДЕЕН ПРОЕКТ И ИЗРАБОТКА НА МОДЕЛИ НА СКУЛПТУРИ И РЕЉЕФИ

**Склучен на ден 08.07.2008 година меѓу**

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

1.Општина Центар Скопје, застапувана од градоначалникот Виолета Аларова, (во понатамошниот текст:„Нарачател") од една страна, и

2. Димитар Филиповски од Скопје, ул.„Франклин Рузвелт" број 50а-2/19 (во понатамошниот текст: „Автор") од друга страна.

Член 1

Предмет на овој договор е изработка на идеен проект и изработка на модели на скулптура на Цар Самуил и на релјефи во гипс, погодни за изработка во мермер.

Член 2

Авторот, како носител на своето исклучиво авторско материјално право за разработка на своето авторско дело, избрано како идејно решение на Конкурсот бр. 4/08 за изработка на идеен проект за подигање на спомен-обележје на Цар Самуил, спроведен од страна на Одборот за подигање спомен обележје на Цар Самуил, се обврзува за Нарачателот:

- да изработи идеен проект за изработка на спомен-обележје – скулптура на Цар Самуил која ќе се постави на на јавната пешачка површина на аголот кој го формираат улиците "Максим Горки" и "Никола Вапцаров", ориентирана кон Плоштадот "Македонија" во Скопје;
- да изработи модел на скулптура во гипс со висина од 5.00 метри;
- да изработи модели на длабок релјеф со мотиви од животот на Цар Самуил со површина од 6м2 во гипс.

Член 3

Авторот се обврзува и е согласен:

- идејниот проект од членот 1 на овој Договор да го изработи со сите неопходни потребни елементи во рок од 60 дена од денот на потпишувањето на овој Договор и истиот да му го достави на нарачателот за спроведување натамошна постапка за негова целосна реализација;

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

- идејниот проект да го изработи во целост и навремено во форма и со сите потребни елементи согласно Проектната програма на Конкурсот и прифатените елементи на техничкиот опис во конкурсниот труд.
- идејниот проект да го изработи и достави во 3D разработка, функционални дијаграми и перспективни престави со фотомонтажа, ситуации, графички прилози и пресеци во 4 примероци во хартиена и електронска форма;
- моделот на скулптурата како и релјефите да го изработи во рок од дванаесет месеци од денот на потпишувањето на овој Договор;
- при изработката на идејниот проект, скулптурите и релјефите да овозможи надгледување на работа од страна на нарачателот или од него овластено лице (консултант) и да ги почитува и да ги вгради евентуалните упатства;

Доколку за имплементација на евентуалните упатства е потребен дополнителен рок, истиот заеднички го утврдуваат нарачателот и авторот, со потпишување на протокол кој ќе се смета за составен дел на овој договор.

Нарачателот се обврзува и е согласен со евентуалните упатства од став 1 алинеа 5 на овој член од Договорот да не се врши суштинска измена на идејното решение.

Член 4

Нарачателот се обврзува и е согласен на име разработка на авторско дело - идејно решение во идеен проект од член 2 и 3 на овој договор и за изработка на модели на скулптури и релјефи на авторот да му исплати надомест во висина од 6.457.500,00 денари.

Во надоместокот од став 1 на овој член се вклучени:

- авторски хонорар на Авторот;
- надоместоци за учесниците во изработка на идејниот проект по фази;
- надоместоци за ангажирани лица за изработка на модел на скулптури и релјефи;
- трошоци за набавка, транспорт, подготовка и обработка на материјали;
- трошоци за закупување на простор за моделирање на скулптурите и релјефите;
- други неопходни трошоци за извршување на договорените работи.

Предмерот и пресметката на изработка на модели на скулптури и релјефи е приложен кон овој договор и е негов составен дел.

Член 5

Плаќањето ќе се изврши на следниот начин:

- 20% од висината на надоместокот утврден во член 4 на овој член веднаш по потпишување на овој договор од двете договорни страни;

ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

- 30% од висината на надоместокот по извршена прва контрола на идејниот проект и моделите на скулптурите односно рељефите од страна на нарачателот или од него овластен консултант;
- 30% од висината на надоместокот по извршена втора контрола на идејниот проект и моделите на скулптурите односно рељефите од страна на нарачателот или од него овластен консултант и
- 20% од висината на надоместокот по извршена конечна контрола и предавање на идејниот проект и моделите на скулптурите односно рељефите од страна на авторот.

Член 6

Доколку во роковите утврдени во член 3 од овој Договор, Авторот без оправдана причина не ги изврши работите предмет на овој Договор, Нарачателот има право, разработката на идејното решение и изработка на скулптури и рељефи да ја довери на друг субјект при тоа почитувајќи ги моралните права на авторот.

Член 7

Со денот на потпишувањето на овој Договор од двете договорни страни, се смета дека Авторот го пренел на Нарачателот целосно и временски неограничено своето исклучиво материјално авторско право на авторското дело од членот 2 на овој Договор.

Како целосен надоместок за пренесување на материјалните права од став 1 на овој член се смета надоместокот од член 4 на овој Договор.

Авторот има право на непречен пристап до своето авторско дело од членот 2 на овој Договор и врз основа на спогодба со Нарачателот да го користи за: објавување во вид на избрани дела, јавно изложување на делото и други случаи на дозволено користење утврдени со Закон.

Со посебен договор ќе се определат правата и обврските на договорните страни во случаите на користење на овој член.

Член 8

Авторот се обврзува веднаш по завршување на работите од членот 2 на овој Договор да го извести нарачателот дека работите што се предмет на договорот се извршени.

По приемот на известувањето, Нарачателот или од него овластено лице (консултант) се обврзува веднаш да пристапи кон конечната проверка на извршените работи предмет на овој договор и за тоа доставува до Авторот извештај во писмена форма.

Авторот се обврзува без одлагање да постапи по евентуалните забелешки од извештајот од став 2 на овој Договор во рок кој договорните страни заеднички ќе го утврдат без надоместок, со потпишување на протокол составен дел на овој Договор.

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Член 9

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По престанување на вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 10

Авторот одговара за недостатоците во изработката на идејниот проектот што се однесуваат на неговата солидност, доколку тие недостатоци би се покажале за време на проектирањето на основниот и изведбениот проект.

Доколку евентуално во подоцнежните фази се утврдат било какви недостатоци кои би влијаеле на проектирањето на основниот и изведбениот проект авторот се обврзува истите да ги острани без дополнителен надоместок.

Член 11

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 12

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога една од договорната страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

Член 14

Една од договорните страна може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 15

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Член 16

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 17

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

Член 18

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и дополнат со склучување на анекс на овој договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 19

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 20

Евентуалниот спор кој би произлегол од овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, за неговото решавање ќе биде надлежен стварно и месно надлежниот суд во Скопје.

Член 21

Овој Договор е составен во шест примероци, од кои за секоја страна по три примероци и стапува во сила со денот на неговото потпишување.

**Нарачател** **Автор**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

До Општина Центар

# ПОНУДА

Од Димитар Филиповски-скулптор од Скопје, со стан на улица ,, Франклин Рузвелт,, 50а 2/19

За изработка на скулптура на **Цар Самуил**, како и пропратни рељефи на постаментот од скулптурата

1. Изработка на рељефи со мотиви од животот на Цар Самуил, со вкупна површина од 6 м2 По цена од1500 евра по м2, со рок на изведба 12 месеци

9000 евра

2. **Изработка на гипсан модел со висина 5 метра, со рок на изведба 12 месеци , вклучувајки ги следдниве позиции:**

- Изнајмување на хангар 300 м2, по цена од 6 евра за м2=1800 евра **x** 9 мес.-----------16200
- Сметки за струја по цена од 250 евра **x** 9 мес.------------------------------------------------2250
- Инсталирање на осветлување во хангарот--------------------------------------------------------300
- Инсталирање на загревање во хангарот (тајфуни )---------------------------------------------600
- 5 Дипломирани вајари-соработници по 700 евра месечно = 3500 **x** 9 мес-----------------31500
- 3 помошници по 300 евра месечно= 900 евра **x** 9 мес.-----------------------------------------8100
- Храна, кафе, пијалоци **x** 2000 ден дневно = 1000 евра месечно **x** 9 мес. -------------------9000
- Конструкциски материјали ( железо, профили, арматуре, рабиц, скеле )-----------------2000
- Глина-----------------------------------------------------------------------------------------------------2000
- Гипс, коноп----------------------------------------------------------------------------------------------2000
- Дрвени материјали ( летви, даски, талпи, )-------------------------------------------------------500
- Други трошоци------------------------------------------------------------------------------------------1000
- Авторски хонорар-------------------------------------------------------------------------------------20000

96000 евра

Скопје, 08.07.2008

Со почит,
Филиповски Димитар

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Примено: 8.07.2008
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
08 | 1774/3